**ОПШТИНА ПРОБИШТИП**
*Ул.„Јаким Стојковски” бр.1*2210 Пробиштип
*Тел.:032/483-131; факс:032/483-047*
*www.probistip.gov.mk info@probistip.gov.mk*
***Одделение за урбанизам***

**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**ОПШТИНА ПРОБИШТИП**
**Бр.10– 816/2 од 30.08.2021 год.**
**Пробиштип**

Врз основа на член 62 став (10) од Законот за урбанистичко планирање („Сл.Весник на РСМ” бр.32/20 год.) и донесената Годишна програма за изработување на урбанистички планови на Општина Прбиштип за 2021 година од страна на Советот на Општина Пробиштип со Одлука Бр.26-928/16 од 30.11.2020 год. („Сл.Гласник” на Општина Пробиштип,, бр.42/2020 год.), , Градоначалникот на Општина Пробиштип го дава следното

## С О О П Ш Т Е Н И Е
**за спроведување на јавен увид на**

## УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТ ВОН ОПФАТ НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН СО НАМЕНА Е1.13-ПОВРШИНСКИ СОЛАРНИ И ФОТОВОЛТАИЧНИ ЕЛЕКТРАНИ, ЗА ФОТОНАПОНСКА ЕЛЕКТРОЦЕНТРАЛА СО КАПАЦИТЕТ ДО 1 MW НА ДЕЛ ОД КП.бр.1380, КО ДОБРЕВО, ОПШТИНА ПРОБИШТИП

**Се известуваат граѓаните на Општина Пробиштип дека се организира јавен увид по Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план со намена Е1.13-Површински соларни и фотоволтаични електрани, за фотонапонска електроцентрала со капацитет до 1 MW на дел од КП.бр.1380 КО Добрево, Општина Пробиштип, изработен од Друштво за трговија, производство, градежништво, услуги и консалтинг „ЧИП ГРОУП“ ДООЕЛ увоз-извоз Скопје, со Тех.Број 25-06/21 од Јули 2021 год.**

**Член 2**

Границата на конкретниот проектен опфат се наоѓа јужно од с.Добрево, во близина на регионален пат Р1309 делница Лесново- Пробиштип (врска со Р1205) и до сега не бил опфатен со урбанистичка документација. Пристапот е обезбеден од постојниот земјен пат од источната страна на проектниот опфат.

Границите на проектниот опфат се:

- На **североисток** се движи по границата со КП.бр. 1378, КО Добрево
- На **југоисток** ја следи дел од границата на постојниот пат на КП.бр.1385, потоа скршнува во лево и поминува низ дел од КП.бр.1380, околу постојниот објект, по што повторно продолжува по дел од границата на постојниот пат на КП.бр.1385, КО Добрево
- На **југозапад** се движи по границите со КП.бр. 1384 и 1382/1, КО Добрево
- На **северозапад** ја следи границата со КП.бр. 1381, по што следи дел од границата со постојниот регионален пат на КП.бр. 2910, КО Добрево.

**ОПШТИНА ПРОБИШТИП**
*Ул.„Јаким Стојковски" бр.12210 Пробиштип*
*Тел.:032/483-131; факс:032/483-047*
www.probistip.gov.mk info@probistip.gov.mk
**Одделение за урбанизам**

Површината на проектниот опфат на урбанистичкиот проект изнесува П=0.51 ха.

Површината на планскиот опфат е неизградено земјиште.

Во границите на планскиот опфат планирани се градежни парцели со следните основни класи на намена:

**-Е-Градби од нискоградбата - инфраструктури**:

- **Е1.13**- Површински соларни и фотоволтаични електрани;
- **Е1-8-** Инфраструктура за пренос на електрична енергија-Трансформаторски станици.

со можност за вградување на компатибилни класи на намена на основните согласно Правилникот за урбанистичко планирање („Службен весник на РСМ", број 225/20).

## ЈАВНИОТ УВИД

**на Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план со намена Е1.13-Површински соларни и фотоволтаични електрани, за фотонапонска електроцентрала со капацитет до 1 MW на дел од КП.бр.1380 КО Добрево, Општина Пробиштип**, изработен од Друштво за трговија, производство, градежништво, услуги и консалтинг „ЧИП ГРОУП" ДООЕЛ увоз-извоз Скопје, со Тех.Број 25-06/21 од Јули 2021 година ,ќе трае 15 (петнаесет) **дена** во електронска форма, кој надлежниот орган го става на увид на јавноста со објавување на службената *web* страна на општина Пробиштип **www.probistip.gov.mk**, во периодот од **03.09.2021 год.** до **17.09.2021 год.**, за кое време може да се доставaт евентуални забелешки, секој работен ден од 7.30 до 15.30 часот во просториите на Одделението за Урбанизам при општина Пробиштип.

Makedonski Telekom CA, Jordanka Dukoska
Digitally signed by Makedonski Telekom CA, Jordanka Dukoska Date: 2021.08.31 11:50:13 +02'00'

Изготвил: Ј.Дукоска,диа
Одобрил: Б.Станојковски,дги

Makedonski Telekom CA, Branko Stanojkovski
Digitally signed by Makedonski Telekom CA, Branko Stanojkovski Date: 2021.08.31 12:18:31 +02'00'

**м.п.**

ОПШТИНА ПРОБИШТИП
**Градоначалник**
Драган Анастасов

Makedonski Telekom CA, Dragan Anastasov
Digitally signed by Makedonski Telekom CA, Dragan Anastasov Date: 2021.09.01 08:18:28 +02'00'